УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

UDC 81
UDC 82
UDC 008

ISSN 2545-3998

# ПАЛИМПСЕСТ

## МЕЃУНАРОДНО СПИСАНИЕ ЗА ЛИНГВИСТИЧКИ, КНИЖЕВНИ И КУЛТУРОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА

# PALIMPSEST

## INTERNATIONAL JOURNAL FOR LINGUISTIC, LITERARY AND CULTURAL RESEARCH

PALMK, VOL 2, NO 4, STIP, MACEDONIA, 2017

ГОД. II, БР. 4
ШТИП, 2017

VOL. II, NO 4
STIP, 2017

# ПАЛИМПСЕСТ

**Меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања**

# PALIMPSEST

**International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research**

**Год. II, Бр. 4**
**Штип, 2017**

**Vol. II, No 4**
**Stip, 2017**

**PALMK, VOL 2, NO 4, STIP, MACEDONIA, 2017**

**ПАЛИМПСЕСТ**
Меѓународно списание за лингвистички, книжевни
и културолошки истражувања

**ИЗДАВА**
Универзитет „Гоце Делчев“, Филолошки факултет, Штип,
Република Македонија

**ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК**
Ранко Младеноски

**УРЕДУВАЧКИ ОДБОР**
Виктор Фридман, Универзитет во Чикаго, САД
Толе Белчев, Универзитет „Гоце Делчев“, Република Македонија
Нина Даскаловска, Универзитет „Гоце Делчев“, Република Македонија
Ала Шешкен, Универзитет Ломоносов, Руска Федерација
Олга Панкина, НВО Македонски културен центар, Руска Федерација
Георгета Раца, Универзитет Банат, Романија
Астрид Симоне Гprofpослер, Универзитет Банат, Романија
Горан Калоѓера, Универзитет во Риека, Хрватска
Дејан Дуриќ, Универзитет во Риека, Хрватска
Шандор Чегледи, Универзитет во Панонија, Унгарија
Ева Бус, Универзитет во Панонија, Унгарија
Хусејин Озбај, Универзитет Гази, Република Турција
Зеки Ѓурел, Универзитет Гази, Република Турција
Елена Дараданова, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Република Бугарија
Ина Христова, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Република Бугарија
Џозеф Пониах, Национален институт за технологија, Индија
Сатхарај Венкатесан, Национален институт за технологија, Индија
Петар Пенда, Универзитет во Бања Лука, Босна и Херцеговина
Данило Капасо, Универзитет во Бања Лука, Босна и Херцеговина
Мета Лах, Универзитет во Љубљана, Република Словенија
Намита Субиото, Универзитет во Љубљана, Република Словенија
Ана Пеличер-Санчез, Универзитет во Нотингам, Велика Британија
Мајкл Грини, Универзитет во Нотингам, Велика Британија
Татјана Ѓурин, Универзитет во Нови Сад, Република Србија
Диана Поповиќ, Универзитет во Нови Сад, Република Србија
Жан Пол Мејер, Универзитет во Стразбур, Република Франција
Жан Марк Веркруз, Универзитет во Артуа, Република Франција
Регула Бусин, Швајцарија
Натале Фиорето, Универзитет во Перуџа, Италија
Оливер Хербст, Универзитет во Вурцбург, Германија

**PALIMPSEST**
International Journal for Linguistic, Literary
and Cultural Research

**PUBLISHED BY**
Goce Delcev University, Faculty of Philology, Stip,
Republic of Macedonia

**EDITOR-IN-CHIEF**
Ranko Mladenoski

**EDITORIAL BOARD**
Victor Friedman, University of Chicago, United States of America
Tole Belcev, Goce Delcev University, Republic of Macedonia
Nina Daskalovska, Goce Delcev University, Republic of Macedonia
Alla Sheshken, Lomonosov Moskow State University, Russian Federation
Olga Pankina, NGO Macedonian Cultural Centre, Russian Federation
Georgeta Rata, Banat University, Romania
Astrid Simone Grosler, Banat University, Romania
Goran Kalogjera, University of Rijeka, Croatia
Dejan Duric, University of Rijeka, Croatia
Sándor Czegledi, University of Pannonia, Hungary
Éva Bús, University of Pannonia, Hungary
Husejin Ozbaj, GAZİ University, Republic of Turkey
Zeki Gurel, GAZİ University, Republic of Turkey
Elena Daradanova, Sofia University “St. Kliment Ohridski”, Republic of Bulgaria
Ina Hristova, Sofia University “St. Kliment Ohridski”, Republic of Bulgaria
Joseph Ponniah, National Institute of Technology, India
Sathyaraj Venkatesan, National Institute of Technology, India
Petar Penda, University of Banja Luka, Bosnia and Herzegovina
Danilo Capasso, University of Banja Luka, Bosnia and Herzegovina
Meta Lah, University of Ljubljana, Republic of Slovenia
Namita Subiotto, University of Ljubljana, Republic of Slovenia
Ana Pellicer Sanchez, The University of Nottingham, United Kingdom
Michael Greaney, Lancaster University, United Kingdom
Tatjana Durin, University of Novi Sad, Republic of Serbia
Diana Popovic, University of Novi Sad, Republic of Serbia
Jean-Paul Meyer, University of Strasbourg, French Republic
Jean-Marc Vercruysse, Artois University, French Republic
Regula Busin, Switzerland
Natale Fioretto, University of Perugia, Italy
Oliver Herbst, University of Wurzburg, Germany

**РЕДАКЦИСКИ СОВЕТ**
Драгана Кузмановска
Толе Белчев
Нина Даскаловска
Билјана Ивановска
Светлана Јакимовска
Марија Леонтиќ
Јована Караникиќ Јосимовска

**ЈАЗИЧНО УРЕДУВАЊЕ**
Даница Гавриловска–Атанасовска (македонски јазик)
Весна Продановска (англиски јазик)
Толе Белчев (руски јазик)
Билјана Ивановска (германски јазик)
Марија Леонтиќ (турски јазик)
Светлана Јакимовска (француски јазик)
Јована Караникиќ Јосимовска (италијански јазик)

**ТЕХНИЧКИ УРЕДНИК**
Славе Димитров

**АДРЕСА**
ПАЛИМПСЕСТ
РЕДАКЦИСКИ СОВЕТ
Филолошки факултет
ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А
п. фах 201
МК-2000 Штип, Македонија

Меѓународното научно списание „Палимпсест“ излегува двапати годишно во печатена и во електронска форма на посебна веб-страница на веб-порталот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип:
http://js.ugd.edu.mk/index.php/PAL
Трудовите во списанието се објавуваат на следните јазици: македонски јазик, англиски јазик, германски јазик, француски јазик, руски јазик, турски јазик и италијански јазик.
Трудовите се рецензираат.

**EDITORIAL COUNCIL**
Dragana Kuzmanovska
Tole Belcev
Nina Daskalovska
Biljana Ivanovska
Svetlana Jakimovska
Marija Leontik
Jovana Karanikik Josimovska

**LANGUAGE EDITORS**
Danica Gavrilovska-Atanasovska (Macedonian language)
Vesna Prodanovska (English language)
Tole Belcev (Russian language)
Biljana Ivanovska (German language)
Marija Leontik (Turkish language)
Svetlana Jakimovska (French language)
Jovana Karanikik Josimovska (Italian language)

**TECHNICAL EDITOR**
Slave Dimitrov

**ADDRESS**
PALIMPSEST
EDITORIAL COUNCIL
Faculty of Philology
Krste Misirkov 10-A
P.O. Box 201
MK-2000, Stip, Macedonia

The International Scientific Journal "Palimpsest" is issued twice a year in printed form and online at the following website of the web portal of Goce Delcev University in Stip:
http://js.ugd.edu.mk/index.php/PAL
Papers can be submitted and published in the following languages: Macedonian, English, German, French, Russian, Turkish and Italian language.
All papers are peer-reviewed.

# BIBLIOGRAPHIC INFORMATION


| | |
|---|---|
| **Journal Name** | PALIMPSEST<br>International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research |
| **Abbreviation** | PALMK |
| **ISSN (print)** | 2545-398X |
| **ISSN (online)** | 2545-3998 |
| **Knowledge field: UDC code** | UDC 81<br>UDC 82<br>UDC 008 |
| **Article Format** | HTML/ PDF; PRINT/ B5 |
| **Article Language** | Macedonian, English, German, French, Russian, Turkish, Italian |
| **Type of Access** | Open Access e-journal |
| **Type of Review** | Double-blind peer review |
| **Type of Publication** | Electronic version and print version |
| **First Published** | 2016 |
| **Publisher** | Goce Delcev University, Faculty of Philology,<br>Stip, Republic of Macedonia |
| **Frequency of Publication** | Twice a year |
| **Subject Category** | Language and Linguistics, Literature and Literary Theory, Education, Cultural Studies |
| **Chief Editor** | Ranko Mladenoski |
| **Country of Origin** | Republic of Macedonia |
| **Online Address** | http://js.ugd.edu.mk/index.php/PAL |
| **E-mail** | palimpsest@ugd.edu.mk |
| **Profiles** | **Academia edu**<br>https://wwwugd.academia.edu/<br>PALIMPSESTПАЛИМПСЕСТ<br><br>**Research Gate**<br>https://www.researchgate.net/profile/Palimpsest_<br>Palimpsest2<br><br>**Facebook**<br>Palimpsest / Палимпсест<br><br>**Twitter**<br>https://twitter.com/palimsest22<br><br>**SCRIBD**<br>https://www.scribd.com/user/359191573/Palimpsest-<br>Палимпсест |

**СОДРЖИНА / TABLE OF CONTENTS**


11 **ПРЕДГОВОР**
Нина Даскаловска, уредник на „Палимпсест“
**FOREWORD**
Nina Daskalovska, editor of Palimpsest

**ЈАЗИК / LANGUAGE**

15 **Svetlana Jakimovska**
ANALYSE COMPARATIVE DE L'ÉTYMOLOGIE DES TERMES ORTHODOXES MACÉDONIENS ET FRANÇAIS
**Svetlana Jakimovska**
COMPARATIVE ANALYSIS OF FRENCH AND MACEDONIAN ORTHODOX TERMS ETYMOLOGY

25 **Семина Бекир**
ТУРЦИЗМИТЕ ВО ПОЕЗИЈАТА НА РИСТО ЛАЗАРОВ ОД 1972 ДО 1990 ГОДИНА
**Semina Bekir**
TURCISMS IN THE POETRY OF RISTO LAZAROV FROM 1972 TO 1990

35 **Marco Mazzoleni**
"ORMAI CADEVA" = 'STAVA (QUASI) PER CADERE'
**Marco Mazzoleni**
"ORMAI CADEVA" = 'HE NEARLY / ALMOST FELL (OVER)'

**КНИЖЕВНОСТ / LITERATURE**

47 **Konan Koffi Syntor**
UN REGARD SUR LE CONTRAT DE LECTURE DE *EL AMANTE BILINGÜE* DE JUAN MARSÉ
**Konan Koffi Syntor**
A LOOK AT THE READING CONTRACT IN *EL AMANTE BILNGÜE* BY JUAN MARSÉ

57 **Марија Леонтиќ**
ОРИГИНАЛНАТА И ПРЕПЕАНАТА ПОЕЗИЈА ЗА ДЕЦА КАКО УМЕТНИЧКИ ДИЈАЛОГ МЕЃУ КУЛТУРИТЕ
**Marija Leontik**
ORIGINAL AND VERSIFIED POETRY FOR CHILDREN AS AN ARTISTIC DIALOGUE BETWEEN CULTURES

65 **Славчо Ковилоски**
КОРЕСПОНДЕНЦИЈАТА (ЕПИСТОЛАРИЈАТА) НА МАКЕДОНСКИТЕ ЖЕНИ ВО XIX ВЕК
**Slavcho Koviloski**
CORRESPONDENCE OF MACEDONIAN WOMEN IN THE XIX CENTURY

75 **Ранко Младеноски, Данче Стефановска**
МУЛТИПЛИКАЦИЈА НА ЛИКОВИ-ДУБЛЕТИ ВО РОМАНОТ „ТУНЕЛ“ ОД ПЕТРЕ М. АНДРЕЕВСКИ
**Ranko Mladenoski, Danche Stefanovska**
MULTIPLICATION OF CHARACTERS–DUPLETS IN PETRE M. ANDREEVSKI’S NOVEL “TUNNEL”

**İvona Stoyanovska**
85 BAHRİ DİVANI ÖZELLİKLERİ
**İvona Stoyanovska**
BAHRI AND HIS DIVAN

**Gabriele Ottaviani**
93 HORCYNUS ORCA: IL NUTRIMENTO DEL VIAGGIO, LA SEDUZIONE DELLA MORTE, L’INVENZIONE DEL LINGUAGGIO PER ESPRIMERE IL SENSO PIÙ VERO DELLE COSE
**Gabriele Ottaviani**
HORCYNYS ORCA: THE NOURISHMENT OF TRAVEL, THE ALLUREMENT OF DEATH, THE INVENTION OF LANGUAGE TO EXPRESS THE MOST AUTHENTIC FEELING OF THINGS

**Lorena Lazarić**
101 PROFILO CRITICO DI MAIER SU SVEVO
**Lorena Lazarić**
MAIER’S CRITICAL PROFILE OF SVEVO

**Ana Stefanovska**
111 LO SPAZIO DELLA TRASGRESSIONE IN “L’AGNESE VA A MORIRE”
**Ana Stefanovska**
SPACES OF TRANSGRESSION IN “L’AGNESE VA A MORIRE”

**КУЛТУРА / CULTURE**

**Agnieszka Jóźwiak**
125 „SCHLESISCHE VOLKSBLÄTTER“. ZUR GESCHICHTE DER ZEITSCHRIFT
**Agnieszka Jóźwiak**
„SCHLESISCHE VOLKSBÄTTER“. TO THE HISTORY OF THE JOURNAL

**Стојанче Костов**
137 ТИПОВИ НА ОРА ВО ИСТОЧНОТО ИГРООРНО ПОДРАЧЈЕ НА МАКЕДОНИЈА
**Stojanche Kostov**
TYPES OF DANCES IN THE EASTERN DANCING AREA OF MACEDONIA

143 **Oliver Herbst**
KEIN LEBEN OHNE KLAVIER. DER PIANIST, KOMPONIST UND KLAVIERPÄDAGOGE PETER FEUCHTWANGER UND DIE STADT SEINER VORFAHREN
**Oliver Herbst**
NO LIFE WITHOUT PIANO. THE PIANIST, COMPOSER AND PIANO PEDAGOGUE PETER FEUCHTWANGER AND THE TOWN OF HIS ANCESTORS

151 **Петар Намичев, Екатерина Намичева**
ПРОСТОРНО ОБЛИКУВАЊЕ НА ОДАЈАТА ОД ТРАДИЦИОНАЛНАТА ГРАДСКА КУЌА ВО ШТИП ОД 19 ВЕК
**Petar Namicev, Ekaterina Namiceva**
SHAPING OF THE CHAMBER IN THE TRADITIONAL HOUSE OF SHTIP $19^{TH}$ CENTURY

167 **Giovanni Gualdani, Nicoletta Lepri**
NEL NOME DI MICHELANGELO: VITE E OPERE DI MICHELANGELO BUONARROTI E MICHELANGELO MERISI
**Giovanni Gualdani, Nicoletta Lepri**
IN THE NAME OF MICHELANGELO: LIVES AND WORKS OF MICHELANGELO BUONAROTTI AND MICHELANGELO MERISI

**МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА / TEACHING METHODOLOGY**

181 **Виолета Димова, Лилјана Јовановска**
РЕЦЕПЦИЈАТА И ЕСТЕТИКАТА НА КОМУНИКАЦИЈА ВО НАСТАВАТА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА
**Violeta Dimova, Liljana Jovanovska**
RECEPTION AND AESTHETICS OF COMMUNICATION IN TEACHING MACEDONIAN LANGUAGE AND LITERATURE

189 **Marija Kusevska**
THE ROLE OF EXPLICIT INSTRUCTION IN INTERLANGUAGE PRAGMATIC DEVELOPMENT

199 **Виолета Јанушева**
ИЗБОР И ФОРМУЛАЦИЈА НА ТЕМАТА ВО ПЕТПАРАГРАФСКИОТ ЕСЕЈ И КВАЛИТЕТОТ НА ПИСМЕНОТО ИЗРАЗУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ ВО РМ
**Violeta Janusheva**
CHOICE AND FORMULATION OF THE TOPIC IN THE FIVE-PARAGRAPH ESSAY AND QUALITY OF THE STUDENTS’ WRITTEN EXPRESSION IN RM

**ПРИКАЗИ / BOOK REVIEWS**

213 **Кристина Е. Крамер**
„*ЗБОРУВАТЕ ЛИ МАКЕДОНСКИ?*“ ОД АВТОРИТЕ МАРИЈА КУСЕВСКА И ЛИЛЈАНА МИТКОВСКА
**Christina E. Kramer**
„*ЗБОРУВАТЕ ЛИ МАКЕДОНСКИ? DO YOU SPEAK MACEDONIAN?*“ BY MARIJA KUSEVSKA AND LILJANA MITKOVSKA

217 **Марија Гркова**
ПРВИОТ РЕЧНИК НА СИНОНИМИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК
**Marija Grkova**
FIRST DICTIONARY OF SYNONYMS IN MACEDONIAN LANGUAGE

**ДОДАТОК / APPENDIX**

223 ПОВИК ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ТРУДОВИ
ВО МЕЃУНАРОДНОТО НАУЧНО СПИСАНИЕ „ПАЛИМПСЕСТ“

CALL FOR PAPERS
FOR THE INTERNATIONAL SCIENTIFIC JOURNAL “PALIMPSEST”

## ПРЕДГОВОР

*Почитувани колешки и колеги,*

Големо задоволство ми е да го претставам четвртиот број на меѓународното списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања „Палимпсест“ кое беше креирано за да обезбеди место за колегите од Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип, и други универзитети во Македонија и пошироко да ги публикуваат резултатите од својата научна работа во областа на лингвистиката, книжевноста, методиката и културологијата. Иако ова е само втора година од постоењето на списанието, тоа успеа да го привлече вниманието на многу автори и читатели од целиот свет.

„Палимпсест“ е вистинско меѓународно списание од најмалку три причини. Прво, се прифаќаат трудови на седум јазици: македонски, англиски, италијански, француски, германски, руски и турски. Второ, Уредувачкиот одбор е составен од 30 уредници, сите универзитетски професори, од 17 земји не само од Европа туку и од други делови на светот. Трето, трите претходни броеви на „Палимпсест“ содржат трудови од автори од многу различни земји кои придонесуваат за разноликоста на истражувањата, теоретските перспективи и гледиштата. Овој број го следи истиот тренд, бидејќи содржи 21 труд од автори од Македонија (Светлана Јакимовска, Семина Бекир, Марија Леонтиќ, Славчо Ковилоски, Ранко Младеноски, Данче Стефановска, Ивона Стојановска, Стојанче Костов, Петар Намичев, Екатерина Намичева, Виолета Димова, Лилјана Јовановска, Марија Кусевска, Виолета Јанушева, Марија Гркова), Италија (Марко Мазолени, Габриеле Отовиани, Ана Стефановска, Џовани Гвалдани, Николета Лепри), Хрватска (Лорена Лазариќ), Полска (Агнешка Јужвјак), Германија (Оливер Хербст), Канада (Кристина Е. Крамер) и Брегот на Слоновата Коска (Конан Кофи Синтор). Ова богатство од научни трудови секако придонесува за развивање и проширување на емпириското и теоретското знаење во четирите области – лингвистика, литература, културологија и методика.

Би сакала да ја изразам мојата искрена благодарност за придонесот од авторите на трудовите вклучени во овој број на „Палимпсест“. Четвртиот број, како и претходните три броја, не оставаат сомнеж дека „Палимпсест“ ќе продолжи да им нуди на своите читатели интересни и привлечни трудови и дека ќе привлекува сè повеќе и повеќе истакнати автори кои ќе придонесуваат за квалитетот на ова списание.

*Нина Даскаловска, уредник на „Палимпсест“*

## FOREWORD

*Dear colleagues,*

It is my great pleasure to present the fourth issue of the international journal for linguistic, litearary and cultural research Palimpsest which was created with the aim of providing a venue for our colleagues from Goce Delcev University and other universities in Macedonia and abroad to publish their work in the area of linguistics, literary science, teaching methodology and culturology. Although the journal is only in the second year of its existence, it has already attracted the attention of many authors and readers from all over the world.

Palimpsest is a truly international journal for at least three reasons. First, it accepts papers in seven languages: Macedonian, English, Italian, French, German, Russian and Turkish. Second, the Editorial Board is composed of 30 editors who are all university professors from 17 countries not only from Europe, but also from other regions of the world. Third, the three previous issues of Palimpsest contain papers from authors from many different countries which contribute to the diversity of research studies, theoretical perspectives and viewpoints. The present issue follows the same fashion as it contains 21 papers from authors from Macedonia (Svetlana Jakimovska, Semina Bekir, Marija Leontik, Slavcho Koviloski, Ranko Mladenoski, Danche Stefanovska, İvona Stoyanovska, Stojanche Kostov, Petar Namicev, Ekaterina Namiceva, Violeta Dimova, Liljana Jovanovska, Marija Kusevska, Violeta Janusheva, Marija Grkova), Italy (Marco Mazzoleni, Gabriele Ottoviani, Ana Stefanovska, Giovanni Gualdani, Nicoletta Lepri), Croatia (Lorena Lazarić), Poland (Agnieszka Jóźwiak), Germany (Oliver Herbst), Canada (Christina E. Kramer) and the Ivory Coast (Konan Koffi Syntor). This wealth of scientific papers certainly contributes to developing and broadening the emirical and theoretical knowledge in the four areas - linguistics, literature, culturology and teaching methodology.

I would like to express my sincere appreciation of the contributions made by the authors of the papers included in this issue of Palimpsest. The fourth issue, like the previous three issues, leaves little doubt that Palimpsest will continue to offer its readers interesting and engaging papers and that it will attract more and more prominent authors that will contribute to the quality of the journal.

*Nina Daskalovska, editor of Palimpsest*

UDC: 378.091.322(497.7)

Оригинален научен труд
Original research paper

# ИЗБОР И ФОРМУЛАЦИЈА НА ТЕМАТА ВО ПЕТПАРАГРАФСКИОТ ЕСЕЈ И КВАЛИТЕТОТ НА ПИСМЕНОТО ИЗРАЗУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ ВО РМ

**Виолета Јанушева**
Универзитет „Св. Климент Охридски“, Република Македонија
violetajanuseva@gmail.com

**Апстракт:** Трудот има за цел да испита колку наставниците придонесуваат за квалитетот на есејската работа преку поучување за изборот и формулацијата на темата (во средното и во високото образование), да ја согледа способноста на студентите да определат и формулираат тема за својот есеј, како и да понуди модел кој ќе им помогне на студентите во изборот и формулацијата на темата и ќе придонесе за квалитетот на есејот.

Истражувањето има квалитативна (анализа на содржина) и квантитативна парадигма, како и дескриптивен дизајн. Примерокот го сочинуваат 100 студенти што студираат на Педагошкиот факултет во Битола и 100 пишани изведби на овие студенти. Податоците за размислувањата на студентите во однос на тоа дали наставниците поучуваат за тоа како да се определи и формулира темата се собрани со анкетен прашалник, а податоците за способноста на студентите да ја определат и формулираат темата се собираат преку пишаните изведби на студентите, пред и по поучувањето за тоа како треба да се постапува со изборот и формулацијата на темата. Податоците се анализираат, се споредуваат и се синтетизираат.

Резултатите од истражувањето се поразителни. Наставниците во средното и во високото образование не поучуваат за изборот и формулацијата на темата. Студентите не се оспособени за избор и формулација на тема, а оттука е оправдано воведувањето на моделот кој покажува дека се зголемува способноста на студентите за избор и правилна формулација на темата, а тоа, пак, доведува до квалитетен пишан израз.

**Клучни зборови:** *избор и формулација на тема, есеј.*

## 1. Вовед

Со реформите во македонскиот високообразовен систем, во голема мера, се актуализира писменото изразување на студентите. Скоро по секој од предметите предвидени според студиската програма се бара од студентите да напишат есеј на одредена тема. За есејската задача, студентите добиваат одреден број поени што се дел од вкупниот број бодови врз чија основа се реализира сумативното оценување. Имајќи предвид дека македонскиот високообразовен систем тежнее да изгради личности што, покрај знаењата од соодветната научна област, поседуваат и способност за изразување на своите

мисли, желби и потреби во пишана форма, станува јасно дека на есејската задача треба да ѝ се посвети нужното внимание.

Нашата долгогодишна наставна практика покажува дека наставниците многу често ги истакнуваат недоволните компетенции на студентите за изразување во пишана форма, нивното елементарно непознавање на начинот на кој треба да се пишува, како и слабиот квалитет на есејската задача. Овие ставови на наставниците најчесто се однесуваат на правописното оформување на есејот, но и на други аспекти, битни за пишувањето на една есејска задача, како текот на мислата во есејот, поставената тема, тезата и сл. Наставната практика, од друга страна, покажува дека и студентите имаат сопствено размислување за ова прашање.

Темата е главната идеја на есејот, односно целта што сака да ја постигне студентот (Crews, 1980). Таа се однесува на она за што ќе се зборува во есејот, односно таа е предмет на интерес на студентот. На пример, ако студентот сака да пишува за абортусот, тоа значи дека она за што ќе се зборува во тој есеј е абортусот. Иако на прв поглед изгледа дека при пишувањето на есејот е најлесно да се постави темата, сепак, определувањето на темата и нејзиниот избор се многу комплексни активности што треба да бидат земени предвид од наставникот кој, пак, е неопходно да поучува за тоа, без да претпоставува дека студентите имаат потребни способности и вештини.

Темата треба да е ограничена во обем и доволно конкретна, да се нагласува во целиот текст, а не да се подразбира. Таа, всушност, треба да управува со целиот текст. Главната идеја понатаму треба да се развива, да се објаснува, да се поткрепува со докази со цел да се претстави размислувањето, односно целта што ја има студентот.

Темата што се разработува во текстот треба да биде приспособена на интелектуалните можности на студентите и да го предизвика нивното внимание (тие треба да имаат нешто да кажат за темата). Она за што ќе се пишува треба да им е добро познато на студентите и да е разбирливо и за нив и за потенцијалните читатели. Темата може да произлезе од објективната стварност, на пример, од сите области на човековото живеење и дејствување (Whitaker, 2009; Uhlig, 2012).

Оттука, целта на трудот е да се испита колку наставниците придонесуваат за квалитетот на есејската работа преку поучување за изборот и формулацијата на темата (во средното и во високото образование), да ја согледа способноста на студентите да определат и да формулираат тема за својот есеј, како и да понуди модел кој ќе им помогне на студентите во правилен избор и формулација на темата, а оттука ќе придонесе и за квалитетот на есејот.

## 2. Преглед на претходни истражувања

Во македонската литература поголем е бројот на трудовите што ги разгледуваат правописните пропусти на пишаните изведби на студентите, а на пишувањето есеј, на елементите што треба да ги содржи еден есеј, на определувањето, изборот и формулацијата на темата и тезата, на кохеренцијата на есејот и сл., воопшто не им се посветува внимание. Во таа

смисла, постојат само неколку трудови посветени на ова прашање. Јовчевска и Јанушева (2006, стр. 20–58), во рамките на подготовките на учениците од средно образование за матурски испит, укажуваат на неколку важни насоки што треба да се земат предвид при пишувањето есеј, истакнувајќи ја потребата од нивно почитување за подобрување на квалитетот на есејот. Јанушева и Пејчиновска (2016, стр. 112–119) преку анализа на есеи од студенти, укажуваат на нивните недоволни компетенции при пишувањето есеј и го предлагаат петпараграфскиот есеј како основна форма од која треба да се почне во поучувањето за тоа како треба да се напише есеј. Нивното истражување ја потврдува важноста на поучувањето за начинот на кој треба да се напише есеј. Јанушева (2017, во ревизија) укажува на важноста на темата и тезата во есејот и ја истакнува потребата од поучување на студентите за нивното разграничување. Таа предлага модел кој ќе биде еден вид насока за студентите во пишување на тезата, со што ќе се зголеми квалитетот на есејот.

Од странските автори, Бенет и Горовиц (Bennett, Gorovitz, 1997, стр. 1–12), зборуваат за недоволните компетенции на студентите и нудат неколку важни совети за подобрување на нивниот пишан израз. Веласкез (Velasquez, 2011), укажува на поврзаноста на елементарната писменост и вештините за пишување и тврди дека наставникот треба да поучува за пишувањето. Таа ги анализира пропустите на студентите и посочува неколку можни причини, меѓу кои негативните ставови на учениците кон пишаниот израз, стравот и одбивноста. Кан (Can, 2017, стр. 267–271) го испитува писменото изразување на студенти што се подготвуваат да извршуваат наставничка дејност и покажува дека тие имаат слабости. Пинетех (Pineteh, 2014, стр. 12–22) ги истражува предизвиците на студентите во однос на пишаниот израз и сугерира дека тие на факултет влегуваат без доволно елементарна писменост и покажуваат голем број слабости во сите сегменти од пишувањето есеј, на пример, во текот на мислата и кохеренцијата, развивање на тезата и сл. Тој предлага повеќе стратегии за да се подобри пишаниот израз на студентите.

### 3. Методологија на истражувањето

Истражувањето има квантитативна парадигма, односно се испитуваат мислењето и ставовите на 100 студенти што студираат на Педагошки факултет за тоа колку наставниците придонесуваат за квалитетот на есејот преку тоа што поучуваат за изборот и формулацијата на темата на есејот. Анкетираните студенти припаѓаат на различни дијалектни подрачја, а тоа значи дека тие ја одразуваат наставната практиката ширум Македонија. За таа цел е користен инструментот анкетен прашалник само со три прашања од затворен тип. Истражувањето, исто така, има квалитативна парадигма и дескриптивен дизајн, односно се анализираат 100 пишани изведби на студенти што студираат на Педагошкиот факултет во Битола, од гледна точка на изборот и формулацијата на темата за есеј. На крај се предлага модел за избор и формулација на темата што го подобрува квалитетот на писменото изразување на студентите. Покрај анализа, од методите за обработка на податоците и донесување заклучоци, се користат синтеза и компарација.

## 4. Резултати и дискусија

### 4.1. Резултати од анкетниот прашалник

За да се испитаат размислувањата и ставовите на студентите за тоа дали наставниците посветуваат внимание на начинот на кој се пишува есеј, а особено на изборот и формулацијата на темата, спроведена е анкета. Анкетниот прашалник за студентите се состои од три прашања од затворен тип. Во продолжение, се наведуваат резултатите од анкетата. На првото прашање „Дали наставниците во средно образование Ве поучувале за тоа како треба да напишете есеј“, сите 100 студенти ја избрале алтернативата „не“. На второто прашање „Дали наставниците на Факултетот Ве поучуваат за тоа како треба да напишете есеј“, сите 100 студенти ја избрале алтерантивата „не“. На третото прашање „Дали некој од наставниците, и во средно и на Факултетот, Ви обрнал внимание на изборот и на формулацијата на темата за есејот“, исто така, сите испитаници ја избрале алтернативата „не“. Имајќи ја предвид наставната практика во средното, но и во високото образование во Република Македонија, овие резултати, иако се поразителни, се на некој начин очекувани.

### 4.2. Резултати од пишаните изведби на учениците

За да се провери способноста на студентите за избор и формулација на соодветна тема, наставникот бара од студентите да изберат и да формулираат тема за есеј што ќе го пишуваат и по определувањето на темата, да запишат само неколку реченици. Потоа, наставникот накратко објаснува одредени битни аспекти во однос на темата, на пример, од каде може да произлезе идејата за тема на есејот, нејзината приспособеност кон возраста и кон знаењата на студентите, нејзината улога да ги рефлектира нивните интереси и потребата да сакаат нешто да кажат за темата и сл. Резултатите од оваа активност, исто така, не покажуваат задоволителни резултати. Избраните теми на студентите воопшто не ги задоволуваат критериумите за избор и формулација на темата.

Избрани теми за есеј од студентите и формулација:

| **Избор на општа тема** | **Формулација на темата за есеј** | **Број на студенти што ја избрале темата** |
|---|---|---|
| Абортус | Абортус | 23 |
| Антибиотици | Антибиотици | 21 |
| Политика | Политика | 19 |
| Фудбал | Фудбал | 7 |
| „Фејсбук“ | „Фејсбук“ | 26 |
| Насилство | Насилство | 4 |

Она што може да се забележи од табелата е следново: избраните теми се актуелни и ги рефлектираат секојдневието на студентите и нивните интереси. Исто така, изборот на темите, иако не покажува голема разновидност, сепак, може да задоволи. Изборот на темите е приспособен на возраста на студентите. Од табелата се гледа и дека кај сите испитаници, без исклучок, избраната тема и нејзината формулација се идентични, односно се состојат од

една општа именка. Она што загрижува е токму формулацијата на темата. Имено, изборот на општа тема и изборот и формулацијата на тема што ќе биде тема на есејот, не е пожелно да бидат идентични. Општата тема го навестува само интересот на студентите, односно покажува дека главната идеја на цел есеј се однесува на насловот што го избрале. Имајќи го предвид петпараграфскиот есеј во кој студентите бранат одреден став (афирмативна или негативна алтернатива), очигледно е дека избраните теми не се формулирани на начин што покажува дека постои алтернатива што понатаму ќе се разработува во есејот. Оттука, се потврдуваат недоволните компетенции на студентите за изборот и формулацијата на темата, а тоа, понатаму, секако, се одразува на содржината и на квалитетот на целиот есеј.

**4.2.1. Анализа на изборот и формулацијата на темите од пишаните изведби на студентите**

Во продолжение се анализираат недостатоците на вака формулираните теми. Прво, темите што се избрани од студентите не се доволно конкретни и определени. Избраните теми претставуваат, всушност, една општа тема што не е пожелно да биде тема и за есејот. Од општата тема треба да се избере аспект што ќе биде нејзина конкретизација. Голем број истражувања ја нагласуваат важноста на конкретизацијата на темата и ја доведуваат во врска со квалитетот и текот на мислата во есејот, како и со неопходната кохеренција што еден есеј треба да ја има (Whitaker, 2009; Inez, 2016; Uhlig, 2012; Moore, 2014). Второ, избраните теми се премногу широко поставени, а тоа не доведува до развој на главната идеја на есејот. Од избраните теми е очигледно дека не постои насока за она што ќе се пишува – имено абортус, но што во врска со абортусот, кој аспект? Значи, не е конкретизиран ниту определен сегмент од општата тема за кој ќе се пишува, на пример, дали станува збор за социјалниот аспект на абортусот или, пак, за психолошкиот. Во овој случај, студентот може да пишува сè и сешто, а тоа не е целта на петпараграфскиот есеј. Во наставната практика, студентите често се среќаваат со општи теми од овој вид. Поради тоа што не е идентификуван аспектот, односно поттемата, секој студент општата тема може да ја доживее на различен начин, па оттука овие есеи немаат голем квалитет што доведува до незадоволство кај наставниците. Ова го потврдуваат и бројни истражувања (Whitaker, 2009; Gallagher, 2015; Mohrbacher, 2011; Ntereke, 2015), а оттука и констатацијата дека е неопходно наставникот да учествува во изборот, формулацијата и конкретизацијата на темата. Трето, темите поставени на овој начин овозможуваат да се постави и премногу ограничена тема што, исто така, не се препорачува. На пример, темата „Колку случаи на абортус се регистрирани во 2000 година?“ е премногу тесно поставена и премногу конкретна. Зошто? Затоа што бројот на случаи може да биде различен во различни извори, може да постојат случаи што не се регистрирани и сл. Бројот на случаи на абортус е малку веројатна тема за есеј, иако статистички податоци може да се употребуваат во есејот, на пример, за да се поддржи даден аргумент и сл. (Ternes, 2011). На тој начин, статистичките податоци добиваат поголема вредност, а есејот станува побогат и од содржинска и од јазична гледна точка.

Според тоа, статистичките податоци може да се корисни во тема од типот „Што откриваат досегашните регистрирани случаи на абортус?“. Четврто, наведените теми даваат можност да се формулира и премногу локализирана тема што не е соодветна како тема за есеј. Истражувањата (Crews, 1980; Moore, 2014) потврдуваат дека локализираната тема не е соодветна тема за есеј. Локализацијата подразбира поврзување на темата со едно потесно подрачје, а тоа, исто така, не доведува до развој на главната идеја. На пример, темата „Кои се ставовите на битолските лекари за абортусот?“ е локализирана. Зошто? Затоа што се однесува на едно подрачје, односно само на ставовите на лекарите од Општина Битола и затоа што за темата може да не постојат доволно информации. Темата поврзана со ова прашање би можела да се формулира на следниот начин: „Што покажуваат ставовите на лекарите во однос на абортусот?“. Петто, од избраните теми се гледа дека иако се пошироко поставени, некои од нив може да се поврзат со одредени специјализирани аспекти, а тоа значи аспекти за кои студентот нема доволно знаење за да ги елаборира солидно. Тука спаѓаат, пред сè, теми од областа на медицината, физиологијата, статистичките методи и сл. На пример, од избраните теми може да се формулира тема за есеј: „Кои лекови се употребуваат по абортусот?“. Оваа тема е премногу специјализирана. Зошто? И под претпоставка студентот да најде информации за имињата на лековите, оваа информација сосема малку придонесува за развој на главната идеја, а и малку ќе им значи на оние што не се лекари по струка. Шесто, избраните теми даваат можност понатаму да се формулира тема што упатува на заклучок, уште пред да се презентира идејата на есејот, а тоа, исто така, не доведува до развој на главната идеја. На пример, темата „Зошто се осудуваат жените што избрале абортус?“ не дава можност да се изрази одреден став, зашто на ставот се упатува со поставената тема. Оваа претпоставка треба да се испита, да се докаже дека е вистинита, а дури потоа да се почне со пишување.

### 4.3. Техники за избор и формулација на темата

Изборот и формулацијата на темата не се воопшто едноставна задача. Тие се комплексни задачи од кои зависи целиот есеј и се резултат на долг процес на мислење. Студентите може да користат различни техники што ќе го стимулираат нивното размислување и ќе им помогнат во разјаснување и разбирање на поширокото значење на темата. Во продолжение е даден опис на одделни техники.

#### 4.3.1. Наплив од идеи

На почетокот студентите се фокусираат на изборот на општата тема и ги запишуваат сите идеи што им паѓаат на памет (наплив од идеи) (Whitaker, 2009; Baker, Brizee & Velazquez, 2013). Идеите може да се претставаат во форма на зборови, детали, примери, фрази, описи, луѓе, ситуации и сл. Да претпоставиме дека ученикот ја избира општата тема „абортус“. Од една страна, оваа општа тема е доволно актуелна и го покажува активниот однос на студентите кон сите области од човековото живеење и дејствување. Но, од друга страна, оваа општа тема е премногу широко поставена, непрецизна и

неконкретна. За да ја стеснат, студентите преминуваат кон генерирање идеи поврзани со општата тема. Да претпоставиме дека од општата тема студентите ги генерираат следниве идеи: жена, право на избор, доктор, убиство, општество, последици. Секоја од овие идеи е, всушност, основа за да се избере една можна тема од општата тема „абортус" за која ќе се пишува, односно претставува една поттема. Напливот на идеи го стимулира размислувањето и поттикнува слободни асоцијации. Оттука, може да се формулира можна тема, на пример, „Жената има право на абортус". Оваа тема е доволно конкретна, определена и правилно формулирана затоа што покажува дека во есејот студентот ќе го брани афирмативниот став, односно афирмативната алтернатива.

**4.3.2. Формулирање на прашања**

Прашањата ја насочуваат темата и даваат насоки за пишувањето (Uhlig, 2012). Покрај напливот на идеи, и формулирањето на прашањата што се однесуваат на општата тема може да биде продуктивна техника за солидна формулација на избраната тема. Во овој случај, може да се осмислат прашања со помош на прашалните зборови *кој, зошто, што, каде, кога, дали* или *како*, со чија помош се стеснува и се изострува општата тема. На пример, може да се постават следниве прашања: „Дали треба да се дозволи абортус?", „Кои се можните последици од абортусот?" или „Дали смее жената сама да одлучува за абортусот?". Формулираните прашања претставуваат, исто така, поттеми што се потесно поставени во однос на општата тема и може да послужат како тема за есејот што ќе се пишува. Од овие неколку основни прашања може да произлезат и други, што, исто така, може да го предизвикаат интересот на студентот да го изрази своето мислење. Пожелно е да се формулираат поголем број прашања и секое прашање може да се третира како можна поттема околу која ќе се организра есејот. Преку формулирањето на прашањата се изострува темата и таа станува проблем кој треба да се елаборира.

Како што се гледа, темата може да биде поставена во вид на тврдење што треба да се елаборира или во вид на прашање на кое треба да се даде одговор. На почетокот се формулира работна тема, а откако студентот ќе почне да го пишува есејот, може да согледа дека, на пример, темата не е многу јасна, прецизна и конкретна, па може да ја коригира или ревидира. За да се провери дали темата задоволува со својата формулација, дополнително може да се постават прашања од типот: „Дали темата може да убеди?", „Дали темата предизвикува интерес?", „Дали темата е во рамките на можностите на студентот?", „Дали постојат доволно информации за темата" и сл. (Mohrbacher, 2011).

Во продолжение се наведува понудениот модел за избор и формулација на темата и се покажуваат примери за генерирана поттема (тема на есејот) од една општа тема:

| **Општа тема** | **Наплив на идеи** | **Избор на идеја (поттема)** | **Избор и формулација на тема од напливот на идеи** | **Формулирање прашања за поттемите** | **Избор и формулација на тема од формулираните прашања** |
|---|---|---|---|---|---|
| Стареење | Промени, депресија... | Депресија | Промените при стареењето нужно доведуваат до депресија | Дали старите луѓе со депресија треба да се згрижуваат во посебни институции? | Старите луѓе со депресија треба да се згрижуваат во посебни институции<br><br>Старите луѓе со депресија не треба да се згрижуваат во посебни институции? |
| Основно образование | Директор, наставници, ученици, компјутери | Компјутери | Компјутерите треба да се употребуваат во основното образование | Дали треба компјутерите да се употребуваат во основното образование? | Компјутерите треба да се употребуваат во основното образование |
| Медиуми | Печатени, електронски, слобода, транзиција | Слободата на медиумите во транзиција | Слободата на медимуите во време на транзицијата е ограничена | Како се манифестира слободата на медиумите во време на транзиција? | Постои јасна слобода на медиумите во време на транзиција или, Слободата на медиумите во време на транзиција е ограничена |

### 4.4. Резултати по воведувањето на моделот

Резултатите од активностите по воведувањето на моделот се повеќе од задоволувачки. Погоренаведените теми се стеснети, определени и конкретни и, што е најважно, даваат можност за заземање на афирмативен или негативен став. Оттука се согледува важноста на поучувањето за тоа како треба да се избере и формулира тема за петпараграфскиот есеј и на поврзаноста на поучувањето со квалитетот на писменото изразување на студентите. Студентите ги коригираа избраните теми според моделот, а како резултат на тоа се добија следниве конкретни и определени теми во кои е присутна можноста за заземање на став.

| Избор на општа тема | Формулација на темата за есеј | Број на студенти што ја избрале темата |
|---|---|---|
| Абортус | Стоп за абортусот; Абортусот треба да се забрани; Не за абортусот; Абортусот е убиство; Жената има право самостојно да одлучува за абортусот. | 23 |
| Антибиотици | Антибиотиците треба да се употребуваат и при најмало воспаление; Постојаната примена на антибиотиците не е пожелна; Пациентот не смее самостојно да употребува антибиотици. | 21 |
| Политика | Не за политиката во образованието; Политиката не е потребна во образованието; Студентите треба да бидат политички активни. | 19 |
| Фудбал | Фудбалот позитивно влијае врз развојот на организмот на децата; Македонските фудбалери се, исто така, способни како и странските. | 7 |
| „Фејсбук“ | Комуникацијата на наставниците и студентите преку „Фејсбук“ не е Прифатлива; Корисно е наставникот да комуницира со студентите преку „Фејсбук“. | 26 |
| Насилство | Семејното насилството врз жената мора да запре; Не е прифатливо детето да биде жртва на семејно насилство; Насилникот треба да се казни. | 4 |

## 5. Заклучок

Заклучокот е повеќе од јасен. Пред да се побара од студентите да пишуваат петпараграфски есеј на одредена тема, наставникот треба да поучува за начинот на кој ќе се избере и формулира тема за есејот. Во спротивно, студентите не ги развиваат недоволните компетенции со кои доаѓаат од средно образование. Понудениот модел има голема важност затоа што ги насочува студентите кон избор и формулација на тема, а од тоа понатаму зависи квалитетот на целиот есеј.

### Користена литература

Baker, R. J., Brizee, A., Velazquez, A. (2013). Chosing a topic. https://owl.english.purdue.edu/owl/resource/658/03/, 20.2. 2017.

Bennett, J. , Gorovitz. (1997). Improving academic writing. *Teaching Philosophy 20:2*, pp. 1–12. http://www.earlymoderntexts.com/assets/jfb/bengor.pdf, 20.2. 2017.

Can, R. (2017). Analysis of written expression revision skills of the students in faculty of education. *Educational Research and Reviews, 12(5)*, pp. 267–271. http://www.academicjournals.org/journal/ERR/article-abstract/1188D9D63048, 10.8.2017

Crews, F. (1980). *Distinguishing between Subject Area, Topic and Thesis*. Center for Teaching and Learning: The Random House Handbook, http://www.at-bc.ca/Doc/UIS%20Writing.pdf, 10.11. 2016.

Gallagher, E. (2015). *Oral and writen expression. What shoud you expect*? Uno International. http://mx.unoi.com/2015/07/08/oral-and-written-expression-what-should-you-expect/, 15.5. 2016.

Inez, M. S. (2016). *How to narrow a topic and write a focused paper*. https://www.kibin.com/essay-writing-blog/how-to-narrow-a-topic/, 1.7. 2017.

Januševa, V., Pejchinovska, M. (2016). The role of the five paragraph essay in promoting the students' written expression in the Republic of Macedonia. *International Journal „Teacher", vol. 12*, pp. 112–119. Bitola: University „St. Kliment Ohridski" , Faculty of Education.

Mohrbacher, C. (2011). *Chosing and narrowing an essay topic*. https://www.stcloudstate.edu/writeplace/_files/documents/writing%20process/choosing-and-narrowing-an-essay-topic.pdf, 20.12. 2016.

Moore, C. (2014). *Writing process tips: How to narrow your research paper ideas*. http://blog.questia.com/2014/02/writing-process-tips-narrow-research-paper-ideas/, 20.12. 2016.

Ntereke, B. B. (2015) Effectiveness of Academic writing activities and instruction in an academic literatcy writing course at the university of Botswana. *Journal of Pedagogy Development, v. 5*, *no. 3*. https://journals.beds.ac.uk/ojs/index.php/jpd/article/view/229/366, 15.2. 2016.

Pineteh, A. E. (2014). The academic writing chalenges of undergraduare students: A South African case study. *International journal on higher education, v. 3. no. 1*, pp. 12–22. http://files.eric.ed.gov/fulltext/EJ1067538.pdf, 22.12. 2016.

Ternes, R. (2011). Overview and introduction. https://owl.english.purdue.edu/owl/resource/672/1/, 18.2. 2017.

Uhlig, H. L. (2012). *Choosing a successful paper topic*. The writing center at GULC. https://www.law.georgetown.edu/academics/academic-programs/legal-writing-scholarship/writing-center/upload/Uhlig-Choosing-a-Successful-Paper-Topic.pdf, 12.12. 2016.

Velasquez, B. T. (2011). Investigating difficulties in elementary school students' writing. *Zona proxima, 14*. http://rcientificas.uninorte.edu.co/index.php/zona/article/viewArticle/89/4735, 20.1. 2016.

Whitaker, A. (2009). *Academic Writing Guide. Step-by-Step Guide to Writing Academic Papers*. Slovakia: City University of Seattle. http://bit.ly/2pu2UiT, 20.12. 2016.

*

Janушева, В. (во ревизија, „Horizons", 2017). The differentiation of the topic and thesis in the five-paragraph essay – requirement of the quality of the students' written expression.

Јовечевска, Д., Јанушева, В. (2006). *Прирачник по македонски јазик и литература за матурски испит*. Скопје: Алби.

**Violeta Janusheva**
“St. Clement of Ohrid” University, Republic of Macedonia

**Choice and Formulation of the Topic in the Five-paragraph Essay and Quality of the Students’ Written Expression in RM**

**Abstract:** The aim of the paper is to examine whether the teachers contribute to the quality of the essay through teaching for the choice and formulation of the topic (in the secondary and higher education). Then, it examines whether the students have the required competencies to determine and formulate a topic for their essays, and offers a model which will guide the students toward the right choice and formulation of the topic and contribute the quality of the essay.

The research has qualitative (content analysis) and quantitative paradigm as well as descriptive design. The sample comprises of 100 students that study at the Faculty of Education in Bitola and 100 students’ written assignments. The survey serves as an instrument for collecting the data for the students’ opinions regarding whether the teachers teach the students on how to determine and formulate the topic. The students’ written assignments serve for collecting data for the students’ competencies to determine and formulate the topic, before and after the teaching. The used methods are analysis, synthesis and comparison.

The results from the research are overthrowing. The teacher in the secondary and the higher education do not teach on the choice and formulation of the topic. The students are not capable to choose and formulate the topic, thus the introduction of the model indicates its justification and shows increase in the students’ competencies. This leads to the quality of the written expression.

**Keywords:** *topic, essay, teaching, model.*



ГОД. II
БР. 4

ПАЛИМПСЕСТ

PALIMPSEST

VOL. II
NO 4